РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Бр. 08-1066/9
25.11.2025 год.
ПРОБИШТИП

ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ул.Јаким Стојковски бр 1
Тел: 032 48 31 31; факс: 032 48 30 47
www.probistip.gov.mk
е-пошта: info@probistip.

Врз основа на член 50 став 1 точка 14 од Законот за локалната самоуправа (Слубен Весник на РМ бр.5/2002 и член 202/2024) и член 2 од Законот за младинско учество и младински полиики (Службен Весник на РСМ бр.10/20), Градоначалникот на општина Пробиштип го издава следното:

# РЕШЕНИЕ

## За назначување на службеник за млади во Општина Пробиштип

1. Дијана Моневска вработена во општина Пробиштип се назначува како службеник за млади во Општина Пробиштип, одговорен за работењето на Канцеларијата за млади за координирање, спроведување и следење на прашања од интерес на младите во делокругот на надлежностите на Општина Пробиштип.
2. Службеникот за млади изготвува годишни извештаи за работата на Општина Пробиштип во делокругот на млади кои ги поднесуваат до Агенцијата за млади и спорт и ги објавуваат на веб страницата на Општина Пробиштип.
3. Службеникот за млади ги извршува следните работни задачи и обврски:
   - развивање, планирање и следење на активностите поврзани со младите и младинските политики,
   - поддршка на работата на локалниот младински совет, неговите членови, спроведувањето на неговата програма, известување и транспарентност,
   - одржување на комуникација и редовна соработка со младинските форми на здружување и младите,
   - следење на потребите на младите преку обезбедување истражувања за потребите на општината, консултации со млади и следење и информирање за анализи и истражувања за трендовите кај младите,
   - обезбедување информации и информирање на младите,
   - водење на база на податоци за разни младински активности, активни форми на младинско здружување и неформални младински групи за потребите на Истражувачкиот центар на Агенцијата за млади и спорт,
   - редовна комуникација со Агенција за млади и спорт,
   - да биде контакт за сите младински прашања на локалната самоуправа кон младите и јавноста,
   - службеникот за млади е одговорен за работата на Канцеларијата за млади.
4. Решението стапува во сила со донесувањето.

## Образложение

Административниот службеник Дијана Моневска вработена на работно место помлад соработник за логистичка и техничка поддршка на градоначалникот се овластува да работи како службеник за млади согласно Законот за младинско учество и младински политики.

Врз основа на напред наведеното се донесе решение како во диспозитивот.

Со донесување на ова решение престанува да важи Решението бр. 08-269/1 од 03.03.2025 година.

Правна поука: Незадоволната страна има право на жалба во рок од осум дена од приемот до Агенцијата за администрација.

Доставено до:
-Агенција за млади и спорт
-овластен службеник
-персонално досие, веб страна на општината

Градоначалник на
Општина Пробиштип
Тони Тоневски

Изготвил, Јованка Данева